UDK 202/904

ISNN 0350-1639

# MACEDONIAE ACTA ARCHAEOLOGICA

Број 23

2012-2014

МАКЕДОНСКО АРХЕОЛОШКО ДРУШТВО

MACEDONIAE ACTA ARCHAEOLOGICA

Maced. acta archaeol. Број 23 Страни 1-506 Скопје 2021

МАКЕДОНСКО АРХЕОЛОШКО НАУЧНО ДРУШТВО

Издавачки совет:
Елица Манева - претседател
Гоце Наумов, Ленче Јованова, Ване П. Секулов,
Христијан Талевски, Орданче Петров, Кирил Денковски,
Ана Јордановска

Главен уредник:
Александра Папазовска

Редакција:
Елица Манева, Драги Митревски, Гоце Наумов,
Ленче Јованова, Силвана Блажевска, Славица Бабамова

Технички уредник:
Бранко Гаштеовски

Лектура:
Александар Јорданоски

Превод на англиски јазик:
Гоце Павловски

Компјутерска обработка:
Бранко Гаштеовски

Тираж: 300 примероци

Печати: ДатаПонс-Скопје

Адреса на редакцијата на списанието: Македонско археолошко друштво,
Кеј Димитар Влахов бр. 19, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

Списанието се печати со средства на Министерството за култура
на Република Северна Македонија

UDK 202/904 ISNN 0350-1639

# MACEDONIAE ACTA ARCHAEOLOGICA

No. 23 2012-2014

MACEDONIAN ARCHAEOLOGICAL ASSOCIATION

MACEDONIAE ACTA ARCHAEOLOGICA

Maced. acta archaeol. No. 23 Pages 1–506 Skopje 2021

MACEDONIAN ARCHAEOLOGICAL ASSOCIATION

Publishing Board:
Elica Maneva - president
Goce Naumov, Lenche Jovanova, Vane P. Sekulov
Hristijan Talevski, Ordanche Petrov, Kiril Denkovski,
Ana Jordanovska

Editor-in-Chief:
Aleksandra Papazovska

Editorial Board:
Elica Maneva, Dragi Mitrevski, Goce Naumov,
Lenche Jovanova, Silvana Blazhevska, Slavica Babamova

Technical editor:
Branko Gashteovski

Proofread by:
Aleksandar Jordanoski

Translation into English:
Goce Pavlovski

Computer lay-out:
Branko Gashteovski

Printed in 300 copies

Printed by: DataPons-Skopje

The address of the Editorial Board of the Journal: Macedonian Archaeological Association,
Mito Kej Dimitar Vlahov 19, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

The Journal is published with founding from the Ministry of Culture
of the Republic of North Macedonia

Во овој број на Macedoniae acta archaeologica се поместени научните резултати од археолошките истражувања во Република Северна Македонија презентирани на XXIII Симпозиум на Македонското археолошко друштво, одржан во Виница 2014 година

Од Редакцијата

This issue of Macedoniae acta archaeologica includes scientific results from the archaeological investigations in the Republic of North Macedonia that were presented at the XXIII Meeting of the Macedonian Archaeological Association, held in Vinica in 2014

Editorial Board

С О Д Р Ж И Н А - C O N T E N T S

Љиљана Шаламанов - Коробар, Благоја Китановски, Bonnie A. B. Blackwell,
Анализи и проблемите во датирање на слоевите во пештерата Голема Пешт.... 9

Ljiljana Shalamanov-Korobar, Blagoja Kitanovski, Bonnie A. B. Blackwell,
Analyses and problems in dating the layers in the Cave Golema Pesht

Злата Бловска, Јасемин Назим, Текстилното производство во
ранонеолитските населби Врбјанска чука, Ѓумушица, Чука Тополчани
и Пештерица.......................................................................................................... 29

Zlata Blazheska, Jasemin Nazim, Textile production in the Early Neolithic
settlements Vrbjanska Chuka, Peshterica, Chuka Topolcani and Gumushica

Гоце Наумов, Александар Миткоски, Христијан Талевски,
Дарко Стојановски, Викторија Андреескa, Пенелопа Стаматоска и
Зоран Ковачевски, Истражување на локалитетот Врбјанска Чука кај
Славеј во 2019 година........................................................................................43

Goce Naumov, Aleksandar Mitkoski, Hristijan Talevski, Darko Stojanovski,
Viktorija Andreeska, Penelopa Stamatoska and Zoran Kovachevski,
Research on the Vrbjanska Chuka site at Slavej in 2019

Игор Толевски, Неолитска керамика од локалитетот Рамниште
кај селото Сопот, велешко.................................................................................. 67

Igor Tolevski, Neolithic painted pottery from the site Ramnishte village Sopot,
Veles region.

Илинка Атанасовска, Култниот простор и култните објекти од енеолитските
наоѓалишта по долината на Брегалница.......................................................... 85

Ilinka Atanasovska, Cult area and buildings of cult character from the Eneolithic
sites in the Bregalnica valley

Марина Спирова, Размена на добра и развој на мрежи на комуникации
во енеолитот........................................................................................................99

Marina Spirova, Exchange of goods and development of communication
networks in the Eneolithic

Јулијана Ивановска, Тумул 3 - погребување
од раното бронзено време од Коколов рид............................................................ 125

Julijana Ivanovska, Early Bronze Age burial by Kokolov Rid – Tumul 3

Зоран Рујак, Емил Сламков, Езерска наколна населба Мрдаја- Дојран
од крајот на бронзеното и преодот помеѓу бронзеното и железното време.......... 141

Zoran Rujak, Emil Slamkov, The lake pile-dwelling settlement “Mrdaja” at Dojran
from the Bronze Age and the transition between the Bronze and Iron Age

Александар Миткоски, Примарниот тумул од локалитетот Страгата
кај село Крушевица, Мариово.............................................................................. 175

Aleksandar Mitkoski, Primary tumulus at the site of Stragata near
the village Krushevica in Mariovo

Александра Папазовска, Населба од раното железно време на локалитетот
Градиште, село Пелинце – кумановско....................................................................204

Aleksandra Papazovska, The Early Iron Age settlement at Gradishte site,
Pelince village – Kumanovo Region

Киро Ристов, Меч со едно сечило од Варвара - прилог кон
еволуцијата на железновременските мечеви со форма mahaira.......................... 231

Kiro Ristov, Single-edged sword from Varvara - Contribution to
the evolution of the Iron Age swords with mahaira shape

Александар Илиевски, Бронзен култен предмет
од локалитетот Билазора од Св. Николе................................................................249

Aleksandar Ilievski, Bronze cult object from the Bilazora in Sv. Nikole

Mitja Guštin, The Burial of a Celtic warrior in the Ancient Macedonia........................257

Игор Кузмановски, Употреба на светилките во погребниот култ
кај инхумациите од југоисточната некропола во Скупи......................................... 267

Igor Kuzmanovski, Use of oil lamps in the funerary cult of the inhumation burials
from the southeast necropolis at Scupi

Душко Темелкоски, Работилница и светилиште во Стибера................................. 281

Dushko Temelkoski, Workshop and Sanctuary at Stiberra

Марина Essentially Тодоровска, Урбанистички решенија во Скупи........................ 303
Marina Onchevska Todorovska, Urbanistic solutions at Scupi

Златко Кованцалиев, Амулети изработени од коска откриени во Стоби............... 327
Zlatko Kovancaliev, Bone amulets discovered at Stobi

Бошко Ангелковски, Дафча Спасова, Антонио Јакимовски,
Археолошки истражувања на локалитетот Дрма - Бадар..................................... 347
Boshko Angelkovski, Dafcha Spasova, Antonio Jakimovski,
Archaeological excavations on the archaeological site Drma - Bader

Митко Штерјов, Извештај од заштитните археолошки истражувања
на локалитетот Тополничка река, с. Дамјан, Радовиш..........................................357
Mitko Shterjov, Report from the protective archeological excavations
on the site Topolnichka reka, v. Damjan, Radovish

Виктор Лилчиќ, Предлог за убикација на средновековниот фурион Дебрец........ 367
Viktor Lilchikj, Attempt for location of the Medieval Furion Debrec

Милан Митовски, Цоне Крстевски, Прилог кон проучувањето на
средновековните некрополи во кривопаланечката област Славиште.................. 383
Milan Mitovski, Cone Krstevski, Appendix to the study of the Medieval cemeteries in the
Kriva Reka region Slavishte

Анета Фидановска, Никола Хаџи Николов, Археозоолошки анализи
од неолитскиот локалитет Зунивер......................................................................423
Aneta Fidanovska, Nikola Hadzi Nikolov, Archeozoological analyses from
the Neolithic site Zuniver

Трајче Нацев, Конзерваторско-реставраторски работи на влезната партија
на акрополот на средновековната тврдина Исар-Штип........................................ 455
Trajche Nacev, Conservation and restoration work on the entrance zone of the Acropolis
of the Medieval Fortress Isar Shtip

Трајче Нацев, Ристо Поповски, Ѓорѓи Димов, Благица Донева, Иван Боев,
Радмила Каранакова-Стефанова, Археолошка проспекција со примена на
геофизика на археолошкиот локалитет Исар Марвинци....................................... 469
Trajche Nacev, Risto Popovski, Gjorgji Dimov, Blagica Doneva, Ivan Boev,
Radmila Karanakova-Stefanova, Archeological survey with application of
geophysics at the archaeological site Isar - Marvinci

Христијан Талевски, Примена на гис технологија во документирањето
и проучувањето на недвижното археолошко наследство - пилот-проект -
„Дигитални средини за дигитални културни вредности – DIENDICURE................ 487

Hristijan Talevski, Application of gis technology in the documentation and research of immovable archaeological heritage - pilot project “digital environments for digital cultural realities - DIENDICURE

In memoriam........................................................................................................ 501

УДК 902.2:903.2(497.712)

БОШКО АНГЕЛОВСКИ
Институт за старословенска култура - Прилеп

ДАВЧА СПАСОВА
Министерство за култура, РС Македонија

АНТОНИО ЈАКИМОВСКИ
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за историја
на уметноста и археологија, Филозофски факултет, Скопје

# АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОКАЛИТЕТОТ ДРМА - БАДАР

Археолошкиот локалитет Дрма - Бадар, с. Бадар, се наоѓа на 30 km југоисточно од центарот на Скопје, и се истражува во континуитет од 2014 година со прекин во 2015 година. За резултатите од истражувањата досега е пишувано во неколку наврати.[1] Ископувањата во последните две археолошки кампањи беа насочени кон откривање на габаритот на целата градба, со оглед дека до кампањата во 2018 година фокусот на истражување беше на првично откриените три простории од работно означениот објект 1, од кои, работно означената просторија 3, во која се вкопани три питоси, несомнено, била во функција на магацински простор.[2] Втората просторија од овој најверојатно економски дел на објектот беше доистражена во текот на кампањата во 2018 година, кога беше расчистен разрушениот слој од покривната конструкција составена од коринтски тип тегули,[3] и се дефинираше подното ниво изведено од набиена земја. Во југозападниот агол од просторијата 2 беше откриен слој од интензивно горење со поголемо присуство животински коски. При расчистувањето на насипот од земја во долните партии на ѕидовите од втората просторија, кои во претходните кампањи беа оставени со цел да се заштити малтерот во долните зони, беа откриени фрагменти од пигментиран малтер. Во североисточниот агол од просторијата, покрај источното лице на ѕидот 3, којшто ја дели просторијата 1 од просторијата 2, беше откриен фрагмент од фреска, околу 40 cm, на која доминираше црвена и црна боја (сл. 1). На овој потег, покрај ѕидот, беа откриени уште неколку помали фрагменти од пигментиран малтер на кои се забележуваше присуство на црвена боја. На дел од малтерните фрагменти, на задната страна, имаше отисоци од трска што упатува на таванската конструкција на просторијата. Ваков ист случај е евидентиран на таванските фрески во урбаната вила во Скупи.[4] Фрагменти од фрескодекорација беа

[1] Ангеловски Б. et al., 2017, 47-52; Ангеловски Б. - Спасова Д., 2018, 45-54.
[2] Ангеловски Б. et al., 2017, 49.
[3] Ангеловски Б. - Спасова Д., 2018, 48.
[4] Кузмановски И., 2004-2006, 231.




*Сл. 1* Фрагменти од фрески – просторија 2



*Сл. 2* Станбени простории

откриени и покрај западното лице на ѕидовите бр. 8 и бр. 10 со којшто е разграничен просторот меѓу апсидалната просторија и двете помали простории на западната страна на објектот, чија функција во оваа фаза на истраженост сѐ уште не би можела да се дефинира, освен да се претпостави дека биле дел од интимниот простор во куќата, односно станбени простории (сл. 2). На овие фрагменти исто така беа идентификувани две бои, црвена и црна, како и боите на фрагментите во втората просторија. Фрескодекорацијата како начин на ентериерното украсување е присутна во поголемите и порепрезентативни вили, како урбани така и рустикални. Од потесното опкружување фрескодекорација била откриена во повеќе рустикални и урбани вили во Босна и Херцеговина и во Словенија,[5] додека на просторот од Република Македонија, со оглед на состојбата на истраженост на римските вили, пример на фрескодекорација има на репрезентативниот објект Палата, откриен на локалитетот

[5] Busuladžić A., 2011, 74-77; Gutman M. et al., 2016, 193-206.




*Сл 3.* План на објект 1

Стакина Чешма - Валандово, како и во урбаната вила од Скупи.[6] Фрагментите од фрески досега не се третирани хемиски во насока да се добијат извесни информации за пигментите и карактеристиките на малтерот. Единствено во таа насока може да се констатира дека малтерот од долните партии на ѕидовите каде што нема фрески е подебел и е со погруба структура, а неговата дебелина изнесува 3 cm, додека фреските кои најверојатно биле на погорните партии од ѕидовите се сликани на потенок слој малтер, кој има пофина структура и дебелина од 1,5 cm.

Ѕидовите во станбениот дел од објектот според досегашната состојба на терен и истраженост, биле во голема мера разградени, а во делови е зачувана само темелната зона. Во

[6] Шурбановска М., 1993, 173; Шурбановска М. - Јакимовски А., 2002-2004, 283; Кузмановски И., 2004 – 2006, 225 – 233.



*Сл. 4* Фрагменти од прозорско стакло



*Сл. 5* Влезна партија од западна страна

последните две археолошки кампањи беше дефинирана апсидата од апсидалната просторија која најверојатно била во функција на триклиниум. Димензиите на апсидалната просторија се 9,1 m во должина до забецот на апсидата и 7,7 m во ширина. Во насока на утврдување на протегањето на објектот кон запад беше ископан и ѕидот означен со бр. 12, којшто продолжува од апсидата кон запад во должина од 13 m. Тој е сè уште нецелосно истражен со оглед на бујната вегетација во западниот дел на теренот (сл. 3). Од надворешната страна на ѕидот во должина од 5 m беше откриен и истражен разрушениот слој од покривната конструкција составен, главно, од тегули од коринтски тип. По расчистувањето на разрушениот слој на два потега од истражениот простор беа откриени повеќе фрагменти од рамно стакло, што упатува на постоење прозорски отвори во овој дел на објектот (сл. 4).

Во насока на утврдување на габаритот на објектот кон север беше откопан и дел од западниот ѕид од просторијата 3 на објектот означен со бр. 7, којшто се движи во правец на север. Тој беше истражен во должина од 4,80 m. Од надворешната страна на ѕидот беа откриени



*Сл. 6* Апсидална просторија



*Сл. 7* Мермерен праг на влез од просторија 2

фрагменти од малтерното лице, а под нив помал разрушен слој составен од коринтски тип тегули. На овој потег беше откриен и еден столбец, што упатува на претпоставката дека се работи за влезна партија покриена со трем, со оглед дека на овој потег има и прекин на ѕидот. Возможно е овој влез да е направен во втората фаза на обнова на објектот кога биле ставени питосите во третата просторија, со што била затворена комуникацијата меѓу втората и третата просторија[7] (сл. 5).

Во досегашните истражувања на објектот најрепрезентативен дел претставува апсидалната просторија, која била и централна, во функција на триклиниум. Апсидата се наоѓа на јужната страна, а просторијата беше истражувана во правец од север кон југ. На целиот простор беше откриен разрушениот слој од покривната конструкција до делот на почетокот од апсидалниот простор, со оглед дека овој дел е сè уште неистражен. Разрушениот слој, главно, е составен од

[7] Ангеловски Б. et al., 2017, 50.



*Сл. 8* Објект во сектор 2



*Сл. 9* Одводни канали – објект во сектор 2

тегули и имбрекси, а покрај западниот ѕид од внатрешната страна беа откриени поголеми фрагменти од малтерното лице на ѕидот означен со бр. 8. На овој потег, покрај ѕидот, беа откриени и фрагменти од фрески (сл. 6). Во северниот дел на апсидалната просторија, којшто во првата градежна фаза комуницирал со просторијата 1 од стопанскиот дел на објектот, уште со првичните истражувања беше откриен хидростатен малтер којшто беше заштитен со песочна покривка со цел да се спречи неговото евентуално уништување. Со поновите истражувања, во профилот над прагот од просторија 2 од стопанскиот дел на објектот јасно се гледа подното ниво на апсидалната просторија од хидростатен малтер. Консеквентно на тоа, најверојатно целата просторија била покриена со хидростатен малтер, можеби како подлога за мозаик којшто од некои причини никогаш не бил изведен, но тоа останува да се потврди со следните истражувања (сл. 7)

Според досегашната состојба на истраженост, иако е можеби рано да се носат посмели заклучоци во смисла на типологија врз основа на архитектонските решенија, објектот би можел да се смести во типот на базиликални градби.[8] Од просторот на Република Македонија најблиска аналогија според централната апсидална просторија околу која се распоредени помали простории претставува вилата од Пештерица кај Прилеп.[9] Досега во апсидалната просторија не се откриени траги од столбови кои би упатувале постоење перистил.

Проблемот околу идентификацијата на локалитетот со градот Бедеријана беше рефериран во друг труд,[10] во чиишто рамки се отфрли идејата за убикација на градот на овој простор, со оглед дека трагите од материјалната култура откриена досега не даваат показатели за егзистирање на просторот надвор од рамките на IV век. Тоа што е индикативно е присуството на градежна керамика и траги од материјална култура, најчесто монети, на пошироката површина на локалитетот, со што неговите граници врз основа на последните рекогносцирања на околниот простор видно се поместени. Како резултат на новата ситуација на терен, се наметнува и дилемата дали се работи за населба или, пак, за полски имот, односно *villa rustica*, како што од почетокот на истражувањата работно се води објектот. Доколку, пак, станува збор за вила рустика, таа би требало да се разгледува на еден многу поширок простор од

[8] Biró M.,1974, 23-57A; Busuladžić A., 2011, 24.
[9] Кепески К., 1976, 143-157; Герасимова Д., 2006, 210/212.
[10] Ангеловски Б. - Спасова Д., 2018, 45-54.



*Сл. 10* Монета на Филип I Араб



*Сл. 11* Монета на Теодосиј I



*Сл. 12* Оловен тег

досега согледаниот, како што е случајот со вилите во Босна и Херцеговина, на локалитетите Вишичи и Суваја коишто се протегаат на површина од неколку хектари.[11] Имено, во насока на потврда на една од овие претпоставки неопходно е да се доистражи и објектот во секторот 2, којшто се наоѓа на триесетина метри јужно од првиот објект. На овој простор беше откриена помала апсидална просторија, со апсида на запад. Беше забележано присуство на поголеми фрагменти од хидростатен малтер, којшто најверојатно се од малтерното лице на ѕидовите (сл. 8). На северната страна се открија два одводни канали (сл. 9). Опусот на ѕидање, како и ширината на ѕидовите, која се движи од 65 - 70 cm, е како и кај објектот во секторот 1.[12] Ѕидовите биле во голема мера разградени и во делови зачувани само во темелната зона. Со оглед на присуството на хидростатен малтер и одводните канали, може да се претпостави дека овој објект можеби имал термална функција, како што е случајот со вилата во Пештерица.

Во поглед на археолошките наоди доминантно е присуството на монети чија хронологија е поместена од втората половина на III век до крајот на IV век, односно најстарата монета припаѓа на императорот Филип I Араб (сл. 10), а најмладата на императорот Теодосиј I (сл.11).[13] Од вкупно 86 монети откриени досега, 42 се најдени во рамките на откриените архитектонски структури, додека 44 се најдени во непосредна близина на истражуваниот објект, однсоно северно и северозападно од него, како површински, случајни наоди при рекогносцирање. Меѓу другите наоди се издвојува еден оловен тег (сл. 12), кој би можело да има утилитарна намена, луковичеста фибула и две клинчиња, едното бронзено, а другото железно кои биле во функција на зајакнување на кожните војнички чизми – *caligae.*

Идните истражувања на локалитетот ќе бидат насочени кон откривање на габаритот на објектите во двата сектори со цел да се согледа дали меѓу нив постои комуникација или, пак, се работи за два посебни станбени објекти, а во насока на потврдување на претпоставките дали се работи за населба или за, пак, за селски имот - *villa rustica* со помаркантни димензии, односно протегање на површина од неколку хектари.

boshko81@hotmail.com
antonio@fzf.ukim.edu.mk

[11] Busuladžić A. 2011, 150, 165.

[12] Ангеловски Б. - Спасова Д., 2018, 49.

[13] Монетите се прочитани од м-р Ванчо Милошевски и м-р Билјана Јовановска.

BOSHKO ANGELOVSKI
Institute for Old Slavic Culture - Prilep
DAVCHA SPASOVA
Ministry of Culture, Republic of North Macedonia
ANTONIO JAKIMOVSKI
Faculty of Philosophy, UKIM, Skopje

# ARCHAEOLOGICAL RESEARCH ON THE ARCHAEOLOGICAL SITE DRMA - BADAR

## summary

The archaeological site Drma – Badar is located 30 km SW from the city centre of Skopje and it has been the subject of continuous research since 2014, with an interruption in 2015. So far, three rooms of the so-called Building 1 have been explored completely, and only for the third one, which has three pithoi in a west east-line, we can say it was a storage room. A large fragment of fresco decoration with dominantred and black colours, together with few other smaller fragments, were found in the SE corner by the east face of wall 3, which separates Room 1 and Room 2. Fragments of fresco decoration with the same colours were also found by the west face of the walls 8 and 10, which divide the space between the apsidal room and the two smaller rooms on the west side of the building. The apsidal room was probably a triclinium, and its apse was defined in the last archaeological campaigns. Thewalls of the apsidal room are quite deteriorated compared to the previous three rooms. Two pieces of flat glass, discovered on the outer side of the wall that comes out from the apse and continues to the west, suggest the existence of windows. Part of the west wall of Room 3 which continues to the north and has an opening that directs to an entrance with a porch, was uncovered in order to determine the north area of the building. Most distinctive part of the building is the apsidal room with a floor made of hydraulic mortar which possibly was a bedding for a mosaic decoration.

Based on the research and according to the architectural elements, the building can be included in the type of basilica-like buildings. The closest analogy is the villa from Peshterica in Prilep.

Based on the material remains, particularly the coins, the chronological frame of the site is between the middle of the 3rd century and the end of the 4th.

The presence of roof tiles and bricks, as wells as the remains of the material culture, most frequently coins, suggest that the site extended to a much are larger area than the one which is subject of the excavations. Thus, the future explorations will focus on the building located 30 metres to the south of the first building in order to understand their potential communication and solve the dilemma whether the site was a countryside property or a settlement.

## БИБЛИОГРАФИЈА

**Ангеловски Б. – Спасова Д. – Станчевски И. – Денковски К., 2017,** Археолошки истражувања на локалитетот Дрма – Бадар (истражувања 2014 – 2016), *Археолошки информатор* бр. 1, Прилеп. 47 – 52.

**Ангеловски Б. – Спасова Д., 2018,** Археолошкиот локалитет Дрма – Бадар и проблемот на убикација на Бадаријана, *Балканославика* 47, том 1, Прилеп 45-54.

**Busuladžić A.,** Rimske Vile u Bosni I Hercegovini, 2011, Sarajevo.

**Gutman M. - Zanier K. - Lux J. - Kramar S., 2016,** Pigment analysis of roman wall paintings from two villae rusticae in Slovenia, *Mediterranean Archaeology and Archaeometry, Vol. 16, No. 3, 193-206*.

**Biró M., 1974,** Roman Villas in Pannonia,. *Acta Arch*. Tomus XXVI, Fasciculi 1-2. Budapest, 23–57

**Кепески К., 1976,** *Villa rustica* во Пештерица кај Прилеп, *Maced. acta archaeol.* 2, Прилеп, 143 – 157.

**Кузмановски И., 2010,** Ѕидното сликарство од градската вила во Скупи, *Maced. acta archaeol.* 19, Скопје, 225 – 233.

**Герасимова Д., 2006,** Три полски имоти три времиња, Folia archaeologica Balkanica I, Скопје, 205 – 214.

**Шурбановска М., 1993,** Римска Куќа (Палата) во Валандово, *Maced. acta archaeol.* 13, Скопје, 171 – 182.

**Шурбановска М. – Јакомовски А. 2002 – 2004,** Нови Согледувања за Римската Куќа во Валандово, *Maced. acta archaeol.* 18, Скопје, 283 – 286.